РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA KONZERVATORE-SHKUP
Бр.-Nr. 02-913/11
29.11. 2021 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници (Сл.весник на РМ. 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18), член 12 став 2 алинеја 7 од Статутот на НУ Конзерваторски центар-Скопје, Записникот бр.02-913/10 од 29.11.2021 година на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју, Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат, а во врска со објавениот Интерен оглас бр.01/2021, директорот на НУ Конзерваторски центар-Скопје ја донесе следната

**ОДЛУКА**

1. По интерниот оглас бр.01/2021, за спроведување на постапката за пополнување на слободни работни места по пат на објавување интерен оглас, за работното место - Раководител на Одделение за општи, правни и административни работи (КУЛ 01 02 Б04 001) - 1 извршител, се избира кандидатот Даниела Конева.
2. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Годишниот план за вработување за 2021 година (измена и дополнување) на НУ Конзерваторски центар - Скопје, бр.01-70/1 од 18.01.2021 година и во Годишниот план за вработување за 2020 година (измена и дополнување) на НУ Конзерваторски центар - Скопје, бр.01-74/1 од 21.01.2020 година, а за кој што се обезбедени финансиски средства, со Согласноста бр.18-8406/2 од 11.12.2020 година на Министерството за финансии, која што се прогласува за важечка во делот кој што не е реализиран и во тековната фискална година (2021) со Известувањето бр.18-881/2 од 09.02.2021 година на Министерството за финансии, донесена е Одлуката бр.02-913/1 од 12.11.2021 за пополнување на слободни работни места по пат на интерен оглас. Врз основа на предходно наведената одлука, на 16.11.2021 година на веб страната на установата и Агенцијата за администрација, е објавен Интерен оглас бр.01/2021. По огласот, во архивата на установата беше доставена 1 (една) пријава од кандидатот Даниела Конева.

Врз основа на Дописот бр.10-2283/2 од 16.11.2021 година за номинација на членови на Комисија за селекција во постапката за пополнување на слободно работно место за административен службеник од Агенцијата за администрација, беше донесено Решението бр.02-913/7 од 18.11.2021 година за формирање на Комисија за селекција во постапката за унапредување по интерен оглас бр.01/2021, која со Записник бр.02-913/8 од 29.11.2021 година, за административна селекција констатираше дека поднесената Пријава за унапредување, заедно со доказите е уредна, и дека кандидатот има право да продолжи на интервју.

По одржаното интервју е составен Записник бр.02-913/10 од 29.11.2021 година, од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју, Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат, а врз основа на кој директорот одлучи како во диспозитивот.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе решение за унапредување на именуваната.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на истата на веб страната на установата.

Доставено до:

- Даниела Конева
- Официјална веб страна на установата
- Архива

**ДИРЕКТОР**

**Коле Чапкановски**